Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), **Градоначалникот на Општина Свети Николе** , на ден 11.07.2014 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од МЗ„1"„Центар"Плански опфат меѓу ул.„Кочо Рацин",ул.„Крсте Мисирков", ул.„Плоштад Илинден" и „Горобинска Река" Свети Николе, Општина Свети Николе,Плански период 2014-2019 год. кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на Р.М." бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11,144/12 ,55/13 и 163/13) не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Свети Николе www.svetinikole.gov.mk.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од МЗ„1"„Центар"Плански опфат меѓу ул.„Кочо Рацин",ул.„Крсте Мисирков", ул.„Плоштад Илинден" и „Горобинска Река" Свети Николе, Општина Свети Николе,Плански период 2014-2019 год. нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Заштитата на животната средина,заедно со просторната разместеност на населението со сите планирани содржини за живеење и инфраструктура е третирана како битен елемент за идниот развој на градот Свети Николе.Со овој документ се предвидува планско развивање на дел од градот согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање(„Сл.Весник на РМ"бр.63/12,126/12,19/13,95/13 и 167/13) и во непосредна близина на планскиот опфат има изградена постоечка инфраструктура .Ново предвидената инфраструктура треба да се надоврзе со постоечката.
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.09-376
с.р
Место Свети Николе

Име и презиме

Градоначалник,
Зоран Тасев, с.р.